Check Point Threat Extraction secured this document
Get Original

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Врз основа на член 20 - г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“, број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, 14/20 и 208/24), член 22 став 1 точка 1, член 23, член 24, член 25, член 26 и член 27 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.34/15) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, Министерството за финансии објавува

## ОГЛАС БРОЈ 10/2026 ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

I. Министерството за финансии објавува оглас за вработување на 4 (четири) лица на неопределено време, од групата на помошно-технички лица на следните работни места, и тоа:

**1. УПР0405А02004, Курир, во Одделение за архивско, канцелариско работење и достава, Сектор за општи работи– (1 извршител);**

**<u>Потребни квалификации:</u>**
**<u>Општи услови:</u>**
- да е полнолетен
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо

**<u>Посебни услови</u>**
**Стручни квалификации**, и тоа:
- основно образование;
- со или без работно искуство во струката;

**<u>Распоред на работно време:</u>**
дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

**<u>Основна нето плата:</u>** 28.019,00 денари.

**2. УПР0401Б04001, КВ работник за одржување на опремата, во Одделение за следење, контрола и одржување на имотот на Министерството за финансии, Сектор за општи работи– (2 извршители);**

**<u>Потребни квалификации:</u>**
**<u>Општи услови:</u>**


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev” nr.12, Shkup
+389 2 3255 624
www.finance.gov.mk

- да е полнолетен
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо

<u>Посебни услови</u>
**Стручни квалификации**, и тоа:
- средно образование;
- со или без работно искуство во струката;

**<u>Распоред на работно време:</u>**
дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

**<u>Основна нето плата:</u>** 28.019,00 денари.

**3. УПР0405А03003, Умножувач (фотокопирант), во Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Ресен, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи– (1 извршител);**

**<u>Потребни квалификации:</u>**
**<u>Општи услови:</u>**
- да е полнолетен
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо

<u>Посебни услови</u>
**Стручни квалификации**, и тоа:
- основно образование;
- со или без работно искуство во струката;

**<u>Распоред на работно време:</u>**
дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

**<u>Основна нето плата:</u>** 28.019,00 денари.

Заинтересираните кандидати потребно е да ја пополнат пријавата за вработување која е објавена на веб страницата на Министерството за финансии во делот Односи со јавност, во Вработувања, во рубриката Јавни огласи и кон истата да приложат докази за исполнување на условите што се бараат за работното место на кое аплицираат, односно: копија од уверение за државјанство и копија од доказ за завршено образование кое се бара за работното место.

Пополнетата пријава заедно со потребната документација да се достави во затворен плик на следнава адреса:

**Министерство за финансии**
**ул. „Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје**
**(со назнака „за оглас за вработување“)**

На пликот да се наведе бројот на огласот и бројот на работното место на кое се аплицира, со напомена: „Не отворај".

Рокот за доставување на пријавата за вработување и потребната документација е три (3) работни дена сметајќи го и денот на објавување на огласот во дневниот печат.

По разгледување на поднесените пријави, кандидатите ќе бидат повикани за дополнителна селекција и интервју во просториите на Министерството за финансии.

Министерството за финансии ќе изврши избор во рокот пропишан согласно со член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Лица за контакт:
Лилијана Стојановска - тел. 02/ 3255 624; lilijana.stojanovska@finance.gov.mk
Кимет Куртиши – тел. 02/3255-634; kimet.kurtisi@finance.gov.mk